Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка
Бр. 04-161/14
13.7.2022 год

Врз основа на член 52 став (1) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018, 275/2019, 14/2020, 215/2021 и бр.99/2022), Претседателот на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка донесе:

**ОДЛУКА**
**за избор на кандидати за унапредување по интерниот оглас бр.01/2022**

1.По спроведената постапка за унапредување во Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка по интерниот оглас за унапредување на административни службеници бр.01/2022 објавен на ден 30.06.2022 година, на веб страната на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка и веб страната на Агенција за администрација, се врши избор на следните кандидати:

-За работното место под реден број 1-УПР 01 01 Б04 000 Раководител на одделение за инспекциски надзор од областа на земјоделството, храната и ветеринарството и здравството, Одделение за инспекциски надзор од областа на земјоделството, храната и ветеринарството и здравството, Сектор за инспекциски надзор, **се избира кандидатот Виолета Шамбар;**

-За работното место под реден број 2-УПР 01 01 В01 000 Советник за дисеминација на материјали, Одделение за прием и ексeдиција, Сектор за стручно-административни работи, **се избира кандидатот Стево Насковски.**

2. Изборот на кандидатите е извршен врз основа на Финална-ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираните кандидати на Комисијата за селекција за унапредување формирана со решение бр.04-161/10 од 12.07.2022 година.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка, по добиеното Известување за обезбедени финансиски средства Бр.18-2295/4 од 07.06.2022 година, од Министерството за финансии објави интерен оглас за унапредување на 2 (двајца) административни службеници бр.01/2022 на ден 30.06.2022 година на веб страната на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка и веб страната на Агенција за администрација

На објавениот интерен оглас бр.01/2022 за унапредување на административни службеници на две работни места и тоа: Раководител на одделение за инспекциски надзор од областа на земјоделството, храната и ветеринарството и здравството–1 извршител и Советник за дисеминација на материјали-1 извршител, се пријавил по само 1 кандидат.

На ден 12.07.2022 година, Комисијата за селекција за унапредување формирана со Решение бр.04-161/10 од 12.07.2022 година, спроведе административна селекција, односно изврши увид во доставените пријави и приложените докази на пријавените кандидати и изготви Записник од административна селекција Бр.04-161/11 од 12.07.2022 година, со прилог Список на уредни и неуредни кандидати и Ранг листа на кандидати кои продолжуваат на интервју.

На ден 12.07.2022 година, Комисија за селекција за унапредување спроведе интервју со кандидатите и состави Записници од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спорведување на интервју Бр.04-161/12 од 12.07.2022 година и Бр.04-161/13 од 12.07.2022 година со прилог Списоци на кандидати со кои е спроведено интервјуто со освоени бодови од интервјуто и Финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прворангираните кандидати.

По спроведената целокупна постапка согласно Законот за административни службеници, Комисијата за селекција за унапредување до претседателот на Државната комисија достави Записник од административна селекција Бр.04-161/11 од 12.07.2022 година, со прилог Список на уредни и неуредни кандидати и Ранг листа на кандидати кои продолжуваат на интервју и Записници од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спорведување на интервју Бр.04-161/12 од 12.07.2022 година и Бр.04-161/13 од 12.07.2022 година со прилог Списоци на кандидати со кои е спроведено интервјуто со освоени бодови од интервјуто и Финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прворангираните кандидати.

Врз основа на наведеното, претседателот на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против одлуката незадоволниот кандидат има право во рок од осум дена да поднесе жалба до Агенцијата за администрација–Комисија за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА КОМИСИЈАТА,**
**Елизабета Русеска**

ДОСТАВЕНО ДО:

-кандидатите;

-архивата на Државната комисија